**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СЕМЕЈНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1102-304/3 од 3.12.2015 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 3.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на насловен доцент за наставно-научна област *семејно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, редовен професор во пензија, претседател;
– проф. д-р Гоце Наумовски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член;
– проф. д-р Игор Камбовски, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 6.11.2015 година и во предвидениот рок, единствено, се пријави кандидатот д-р Јован Андоновски. Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот д-р Јован Андоновски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следните документи: 1. Пријава; 2. Диплома за завршено соодветно образование; 3. Уверение за положени испити од прв и втор циклус студии; 4. Кратка биографија; 5. Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите; 6. Потврда за служење со странски јазик; 7. Препораки од професори; 8. Потврда од претходен работодавец; 9. Примерок од докторскиот труд; 10. Уверение за државјанство и 11. Друга потребна документација.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Јован Андоновски** е роден на 18 јануари 1980 г. во Скопје, Република Македонија. Основно училиште завршува во Скопје, во 1994 година. Матурира во Средното стручно економско-правно училиште „Васил Антевски Дрен“ во Скопче во 1998 година, правна насока, како првенец на генерацијата. Во истата година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Дипломира во 2004 година на правни студии. За време на студиите имал специјалистички студиски престој во странство („Јагиелонски универзитет“ во Краков, Р. Полска). Во 2010 година магистрира на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при државниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје со просек 9,8 (насока: Римско право и приватно - правна традиција) на тема „Правната положба на перегрините во римското право и на странците денес“. Од октомври 2011 година е студент на докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Катедрата по римско право и приватно-правна традиција. Студиите ги завршува со одличен успех, во редовен рок, со просек 9,9. Докторира во јануари 2015 година на тема „Улогата на римската во развојот на современата правна реторика“.

За време на студиите бил корисник на стипендии на Фондацијата „Кралица Јадвига“ – „Јагиелонски универзитет“ во Краков (двосеместрален специјалистички студиски престој во Р. Полска во областа на меѓународното право и меѓународната политика) и на Фондацијата „Конрад Аденауер“ од СР Германија.

Тој е активен организатор на семинари и образовни обуки од областа на правните и политичките науки. Има спроведени предавања во Р. Македонија (во основни, средни и

високообразовни институции), како и надвор од Р. Македонија: во Штутгарт, Лајпциг и Дрезден, СР Германија, Виена, Р. Австрија и земјите од соседството, на теми од областа на правото, политиката и Европската унија.

Во текот на студиите, како и по дипломирањето, има постојан работен ангажман (Национален демократски институт – програма за практиканти во Собрание на Р. Македонија, адвокатски приправник, Централен регистар на РМ – раководител на Одделение за план и развој и заменик-директор, Министерство за надворешни работи – раководител на Одделение за билатерална соработка со европски држави и прв секретар во Амбасадата на Р. Македонија во Виена, Секретаријат за европски прашања – државен советник и државен секретар).

Учествува во реализација на неколку научноистражувачки проекти од кои ги издвојуваме: Tempus: EU Industrial Property Law – Institution Buildings и Tempus: Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law.

Во досегашниот работен век има учествувано во реализација на голем број самостојни или колективни проекти во различни области. Од позначајните искуства ги издвојуваме: учество во развојот на едношалтерскиот систем во Централниот регистар на Р. Македонија и понудата на нови услуги (воведување на нови регистри); учеството на голем број билатерални и мултилатерални настани како претставник на Р. Македонија во рамки на работниот ангажман во МНР и прв секретар во Амбасадата на Р. Македонија во Виена, Р. Австрија. Во својство на државен секретар за европски прашања учествувал во процесот на стекнување со визната либерализација за граѓаните на Р. Македонија, добивање на првиот позитивен извештај на Европската комисија со препорака за почеток на преговорите и шест последователни позитивни извештаи; усогласени преку петстотини национални законски и подзаконски акти со правото на Европската унија; акредитација за децентрализирано управување со ИПА фондовите на ЕУ; претседавал со Комитетот за стабилизација и асоцијација, како форма на билатерален дијалог на Р. Македонија со ЕУ; претседавал со Специјалната група за реформа на јавната администрација; учествувал во изработката на Стратегијата за реформа на јавната администрација во Р. Македонија; учествувал во изработката на анализа на преговарачка структура на Р. Македонија со ЕУ; анализа на степенот на усогласеност на домашното со законодавството на ЕУ во поглавјата 23 и 24; СЕП стана прва институција со стекната акредитација за ИСО Стандарди на централно ниво во Р. Македонија; воспоставен ЕУ и ИПА тренинг центар за македонската администрација и многу други.

Како предавач, организатор или учесник реализирал многубројни семинари и обуки организирани од респектабилни домашни и меѓународни организатори (Фондација „Конрад Аденауер“, „Роберт Шуман институт“, Меѓународниот Републикански институт (IRI), Националниот демократски институт (NDI), УСАИД, Политичка академија на Австриската народна партија (Politische Akademie der OEVP), Дипломатска академија на Австрија, Дипломатскиот институт, Европската академија во Берлин, Фондација Ханс Зајдел, National School of Government во Велика Британија, Public Administration Institute во Велика Британија, Regional Academy for Democracy и др.).

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар „Оформување на иднината на Европа“
3. Датум и место: Охрид, Македонија, 7-9.12.2001

1. Организатор/институција: YOUTH 2002
2. Вид (курс, семинар, обука): обука
3. Датум и место: 30.6 – 13.7. 2002

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер, SEE University of Tetovo
2. Вид (курс, семинар, обука): обука „Малцинствата во демократија“
3. Датум и место: 10.12.2002, Тетово, Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар
3. Датум и место: 15 – 19.7. 2002, Кавала, Р. Грција

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука
3. Датум и место: 19 - 23.8. 2002, Дрјаново, Р. Бугарија

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): курс (политички менаџмент – вовед во градење на организација)
3. Датум и место: Добогоко, Унгарија. 3-9.4.2003

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): регионална конференција „Заедничко оформување на иднината"
3. Датум и место: 09 – 13.4.2003, Охрид, Македонија

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): курс (менаџмент на партија/организација)
3. Датум и место: Будимпешта, Унгарија. 26.6 – 02.07.2003

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (лидери во демократија – основни вредности на демократијата)
3. Датум и место: Будимпешта, Унгарија. 28.9 – 05.10. 2003

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (лидери во демократија – меѓународни и безбедносни прашања)
3. Датум и место: Будимпешта, Унгарија. 24-29.11. 2003

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (лидери во демократија – предизвици во економскиот и социјалниот живот)
3. Датум и место: Будимпешта, Унгарија. 16-21.02. 2004

1. Организатор/институција: WUS Austria
2. Вид (курс, семинар, обука): меѓународен натпревар во дебатирање (освоено второ место во конкуренција од преку сто учесници)
3. Датум и место: Сараево, БиХ. 4-8.12.2003

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (медиумите и политиката – медиум – јавност – политика)
3. Датум и место: Будимпешта, Унгарија. 12 – 15.05.2004

1. Организатор/институција: Robert Schuman Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (медиумите и политиката – кампања и комуникација во кризни моменти)
3. Датум и место: Будимпешта, Унгарија. 23 – 26.06.2004

1. Организатор/институција: International Republican Institute
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар (политичка едукација во и надвор од партиите)
3. Датум и место: Вилнус, 15 – 18.01.2006.

1. Организатор/институција: USAID, World Learning and Center for International Programs
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (тренинг по комуникациска стратегија)
3. Датум и место: Вашингтон и Њујорк, САД. 22-29.04.2006

1. Организатор/институција: World Business Register Association
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (one – stop - shop)
3. Датум и место: Малезија и Сингапур, 5-12.2.2007

1. Организатор/институција: Канцеларија на Комитетот за Европски интеграции на Владата на Р. Полска/ Министерство за надворешни работи на Р. Полска
2. Вид (курс, семинар, обука): обука – ЕУ интеграција и фондови на ЕУ
3. Датум и место: Варшава, Полска. 9 – 29.9.2007.

1. Организатор/институција: Diplomatic Institute, MFA of Bulgaria, Europaeische Akademie Berlin, Auswaertiges Amt Deutschland, Hans Seidel Foundation
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (EU Foreign and Security Agenda: The Balkans, the Black Sea Region and beyond)
3. Датум и место: Сандански, Р. Бугарија. 10-16.3.2008.

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар, академија „Забрзани реформи, забрзана интеграција на Република Македонија во ЕУ“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 6 – 10.12.2010, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: PAI (Public Administration Institute UK)
2. Вид (курс, семинар, обука): специјализирана обука (професионален менаџмент на човечки ресурси)
3. Датум и место: Лондон, В. Британија. 14-16.12.2010

1. Организатор/институција: Влада на НР Кина
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (економска дипломатија)
3. Датум и место: Пекинг, НР Кина. ноември 2011.

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Политичка комуникација и организација на модерна народна партија“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 15-16.9.2012, Охрид, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Политичка комуникација и организација на модерна народна партија“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 22-23.09.2012, Штип, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Политичка комуникација и организација на модерна народна партија“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 29-30.09.2012, Битола, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Политичка комуникација и организација на модерна народна партија“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 6-7.10.2012, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: National School of Government and Defence Academy of the UK
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (Senior Leadership Development Programe)
3. Датум и место: Маврово, Р. Македонија, 9-11.3.2012 и 11-13.5.2012.

1. Организатор/институција: MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS DIPLOMATIC INSTITUTE, Hanns Seidel Foundation and European Academy Berlin
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар - "Winter School on Diplomacy": "EU and NATO in Southeastern Europe and the Black Sea region: Foreign, Security and Energy Policies".
3. Датум и место: 21 – 22.3.2014, Сандански, Р. Бугарија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Јакнење на демократијата на локално ниво" (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 24-27.1.2013, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, семинар „New Media for Young People in the Political Communication" (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 26-27.1.2013, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Regional Academy for Democracy (www.radwb.eu)
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (реформите во безбедносниот сектор на Западен Балкан)
3. Датум и место: Р.Србија. 23-26.3.2013

1. Организатор/институција: Regional Academy for Democracy (www.radwb.eu)
2. Вид (курс, семинар, обука): обука (борба против организираниот криминал и корупција – регионални предизвици)
3. Датум и место: Р. Црна Гора. 20 – 23.4.2013

1. Организатор/институција: Правен факултет во Ниш
2. Вид: научна конференција – 1700 години од Миланскиот едикт
3. Датум и место: Ниш, Р. Србија. 16-18.05.2013

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): дискусија „Надворешната политика и аспекти на меѓународната дипломатија: Македонската дипломатија во третата деценија од независноста" (дискутант)
3. Датум и место: 1.10.2013, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Јакнење на капацитетите на локалната самоуправа во Република Македонија" (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 23.11.2013, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Јакнење на капацитетите на локалната самоуправа во Република Македонија" (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 24.11.2013, Крушево, Р. Македонија

1. Организатор/институција: The Jarl Hjalmarson Foundation
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар (Round-Table Conference on the Balkan EU Integration and regional cooperation)
3. Датум и место: 25 – 27.11.2013. Стокхолм, Шведска.

1. Организатор/институција: European Studies Department, Faculty of Philosophy at Sofia University "St. Kliment Ohridski" and "Hanns Seidel" Foundation
2. Вид: научна конференција - International Conference: THE EUROPEAN UNION AT A CROSSROAD
3. Датум и место: Софија, Р. Бугарија. 14 – 15.5.2014.

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Јакнење на капацитетите на младите политичари на локално ниво“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 21-24.6.2014, Берово, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Политичка комуникација и организација на модерна народна партија“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 20.11.2014, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Јакнење на капацитетите на локалната самоуправа во Република Македонија“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 23.11.2014, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Jarl Hjalmarson Foundation
2. Вид (курс, семинар, обука): Round Table Conference on European Integration in the Balkans (panelist)
3. Датум и место: 3-5.12.2014, Stockholm, Sweden

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Успешни политики од и за жените“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 21-22.2.2015, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, „Современи политички комуникации“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 23-24.2.2015, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Правен факултет - Сплит
2. Вид (курс, семинар, обука): научна конференција „Pravo na pristup informacijama I zastita osobnih podatoka“ (предавач)
3. Датум и место: 6-7.5.2015, Сплит, Р. Хрватска

1. Организатор/институција: Универзитет „Св. Климент Охридски„ Софија и Hans Seidel Stiftung
2. Вид (курс, семинар, обука): научна конференција „European Union – New Beginning“ (предавач)
3. Датум и место: 20-21.5.2015, Софија, Р. Бугарија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, E-lection bridge South East Europe
3. Датум и место: 6-8.7.2015, Белград, Р.Србија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер и Евро Балкан универзитет
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар „Религија, етничка припадност и национализам“ (предавач)
3. Датум и место: 17-21.8.2015, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): обука, академија „Јакнење на капацитетите на жените и младите во политиката“ (коорганизатор и предавач)
3. Датум и место: 31.10. – 3.11.2015, Скопје, Р. Македонија

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер и Универзитет во Приштина
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар „Balkan Youth Forum – Balkan Perspective towards EU“ (предавач)
3. Датум и место: 10.12.2015, Призрен, Р. Косово

1. Организатор/институција: Фондација Конрад Аденауер
2. Вид (курс, семинар, обука): семинар „Политичка култура и политичкиот дијалог во Република Македонија“ (предавач)
3. Датум и место: 11-13.12.2015, Берово, Р. Македонија

Коавтор е на книгите/монографиите „Македонски правосуден прирачник“ (Скопје, 2007 г.), „Политички партии“ (Скопје, 2013г., CIP 329 – преведено и на англиски и на албански јазик), „Реторика и аргументација“ (во објава) и на неколку дела/трудови објавени во домашни и меѓународни стручни и научни списанија. Во 2009 година го положил дипломатскиот испит во Министерството за надворешни работи на Р. Македонија на тема: „Билатералните односи помеѓу Р. Македонија и Р. Австрија – статус, можности и перспективи“.

Активно ги користи англискиот, германскиот и полскиот јазик. Има завршено музичко образование, отсек виолина.

Оженет, татко на две деца.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од соодветната научна област: кандидатот Јован Андоновски е доктор на правни науки, правни студии.
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно: кандидатот Јован Андоновски има просек од 8,4 од додипломски студии и 9,8 од постдипломски студии.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мирјана Поленак Аќимовска и Јован Андоновски | „Јустинијан Први и неговото правно наследство“ | Меѓународен научен собир – Зборник на трудови „1700 години од Миланскиот Едикт“ | Од 1962 – (достапен на EBSCO база на податоци) – 53 години |
| 2 | Јован Андонвски и Васко Наумовски | „Од Pax Romana, преку Pax Europea до Pax Balkanika – дали е можен траен мир и стабилност на Балканот во 21 век?“ | „Политичка мисла“ бр. 46 | Од 2003 г. (12 години) |
| 3 | Јован Андоновски и Нела Ташковска | „Ефикасноста на федералните оддели наспроти министерствата: функционална анализа меѓу САД и Македонија“ | „Политичка мисла“ бр. 48 | Од 2003 г. (12 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Jovan Andonovski, Vasko Naumovski | "Future Perspectives of the EU Enlargement towards the Western Balkans" | Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови | Од 1998 г. (17 години) |
| 5 | Jovan Andonovski | "Public Opinion and EU accession – basis in political rhetoric" | Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови | Од 1998 г. (17 години) |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот остварил научноистражувачка дејност како докторанд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Учествувал во научноистражувачки и наставни проекти и тоа: Tempus: EU Industrial Property Law – Institution Buildings и Tempus: Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law. Исто така, кандидатот д-р Андоновски врши научно-наставна и истражувачка дејност како докторанд во проектните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Како студент на додипломски, постдипломски и докторски студии, кандидатот учествувал на бројни семинари, конференции и работилници, како учесник и предавач.

***Трудови***

1. Ј. Андоновски, В. Наумовски, М. Стојановска, Љ. Стефаноски. Монографија „Правосуден прирачник“ – во него се опфатени проблемите на правосудниот систем на Република Македонија. Оваа монографија има за цел да го олесни вклучувањето на младите правници во правниот систем на Република Македонија, да придонесе кон изборот на нивната идна професија како судии, адвокати, обвинители, медијатори, нотари, извршители и секако, да им помогне на дипломираните правници професионално да ги решаваат проблемите и предизвиците кои произлегуваат од нивната секојдневна работа како приправници, стручни соработници во адвокатурата, судовите, јавното обвинителство, нотаријатот, извршителите, администрацијата и слично. Во монографијата се опфатени законските акти кои се значајни за професионалната ориентација на правниците, како и примери од поднесоци од неколку области кои имаат за цел да го олеснат почетокот на нивната практична работа во правната проблематика. Збирно, целта на оваа монографија е да даде придонес кон подобрување на стандардите во правосудството, како и во зголемување на ефикасноста и ефективноста на работата на правниците.

Д-р Јован Андоновски е автор на следите трудови, објавени во зборници на меѓународни научни конференции, во меѓународни научни списанија или на национални научни конференции:

2. М. Поленак Аќимовска, Ј. Андоновски. „Јустинијан Први и неговото правно наследство“. Овој труд е презентиран на меѓународна научна конференција организирана од страна на Правниот факултет во Ниш, Република Србија, а по повод „1700 години од Миланскиот Едикт“. Трудот прави осврт на римското право како едно од најголемите правни и културни наследства во Европа и пошироко. Реферирајќи кон римското право, трудот се базира на анализа на Јустинијановата кодификација или Corpus Iuris Civilis. Големото кодификаторско дело на Јустинијан оставило големо влијание врз историјата на правото и современото право. Направена е анализа на некои институти на Јустинијановата кодификација, при што е изведен заклучок дека речиси нема институт од оваа Кодификација кој не постои и денес во современото право. Сумарно, трудот изведува заклучок дека римското право доживува реафирмација преку трендовите за современа кодификација на европското приватно право и на европското право во основа преку реафирмација на поимот ius commune. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.

3. Ј. Андоновски, В. Наумовски. „Од Pax Romana, Pax Europea, до Pax Balcanica – дали е можен траен мир и стабилност на Балканот во 21 век?“ е објавен во меѓународното научно списание „Политичка мисла“. Во овој труд е дадена разработка на Pax Romana – Римскиот мир, период од речиси двесте години во развојот на римската држава и правен систем, во кој владее релативен мир и економски просперитет низ целата држава, време во кое римската држава го достигнала врвот, политички, правно, економски и безбедносно. За време на Pax Romana се применувале римскиот правен систем и римското право на територија на целата држава. Во вториот дел од трудот се прави обид да се направи споредба на Pax Romana со Pax Europea или Европската унија како модел со единствен правен, политички и економски систем кој треба да значи траен мир и просперитет во Европа и на Балканот.
4. Ј. Андоновски, Н. Ташковска. Трудот „Ефикасноста на федералните оддели наспроти министерствата: функционална анализа меѓу САД и Македонија“ дава преглед на правната поставеност на административниот и (институционалниот) владин систем во овие две држави. Истиот е објавен во меѓународното научно списание „Политичка мисла“.
5. Ј. Андоновски. Трудот „Public opinion and EU accession – basis in political rhetoric“ е објавен во Зборникот на трудови од меѓународна научна конференција одржана во Софија, организирана од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ и Фондација „Ханс Зајдел“. Се однесува на процесот на европска интеграција на Република Македонија, усогласувањето на националното законодавство со правото на Унијата, каков е уделот на јавното мислење врз процесот на европска интеграција и колку на него влијае реториката. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.
6. Ј. Андоновски, В. Наумовски. Трудот „Future perspectives of the EU enlargement towards the Western Balkans“ е објавен во Зборник на трудови од меѓународна научна конференција одржана во Софија, Р. Бугарија, организирана од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ и Фондацијата „Ханс Зајдел“. Се однесува на Република Македонија и процесот на европска интеграција, гледана низ призмата на придобивките од овој процес, пред сѐ преку усогласувањето на примарното и секундарното национално законодавство со правото на Европската унија. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и е објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.
7. Г. Наумовски, Ј. Андоновски. Трудот „Cybersquatting na društvenim mrežama – pristup makedonskog zakonodavstva“ е јавно презентиран на меѓународна научна конференција во Сплит, Р. Хрватска. Истиот е во постапка на објавување. Се однесува на домашното законодавство кое го регулира ова прашање. Паралелно, се прави осврт на најдобрите законодавни практики низ Европа.
8. Ј. Андоновски. Трудот „Влијанието на хеленската реторика врз развојот на реториката во Стариот Рим“ е труд кој прави анализа на основните карактеристики и вредности на хеленската реторика, која се смета за основа на реториката како вештина и подоцна, наука и нејзиното влијание врз појавата и развојот во Стариот Рим. Истиот е рецензиран и јавно презентиран на Годишна конференција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Школа за докторски студии.
9. Ј. Андоновски. Трудот „Историскиот развој на реториката“ се однесува на појавата на реториката во нејзините примитивни форми и го следи развојот низ различни развојни стадиуми. Притоа е даден осврт и на посебните видови на реторика, правната, политичката и пригодната. Истиот е рецензиран и јавно презентиран на семинар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј – Школа за докторски студии.
10. Ј. Андоновски. Трудот „Римска и современа реторика – паралели“ е рецензиран и јавно презентиран на семинар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј – Школа за докторски студии. Во овој труд е направена паралела меѓу римската и современата општа и посебна реторика.
11. Ј. Андоновски. Трудот „Реториката во Стариот Рим“ е рецензиран и јавно презентиран на Годишна конференција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј – Школа за

докторски студии. Даден е осврт на најзначајните карактеристики на реториката во Стариот Рим, реторичари, оратори, учења и школи, книги и сл.

12. М. Поленак, В. Бучковски, Г. Наумовски, Д. Апасиев, Ј. Андоновски. Д-р Јован Андоновски се јавува и како коавтор на книга насловена „Реторика и аргументација" која е во постапка на објава (печатење). Во неа, на неколку стотини страни е направен осврт на историскиот развој на реториката, разработени се во детали општата и посебната реторика, аргументацијата и се дадени примери на селектирани најдобри говори од минатото до денес. Книгата е прва од ваков вид во Република Македонија и претставува монументално научно дело.

Д-р Јован Андоновски има учествувано и во два научноистражувачки проекти, особено во дисеменација на резултатите од овие проекти. Исто така, д-р Андоновски има одржано и неколку предавање на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на покана на професори од овој факултет. Д-р Андоновски има одржано низа стручни предавања на меѓународни стручни проекти организирани од странски организации и фондации (академии, обуки и семинари).

***Приказ на магистерскиот труд***

Магистерскиот труд со наслов „Правната положба на перегрините во римското право и на странците денес" претставува прв самостоен научен труд на оваа тема во Република Македонија. Се состои од десет поглавја и заклучни согледувања и предлози. Даден е приказ на правната положба на жителите на римската држава, поставеноста на правниот систем во неа, со посебен осврт на правната положба на странците (перегрините) во делот на семејното, наследното имотното и кривичното право, како и останатите права и обврски со кои располагале. Потоа, авторот дава преглед на развојот на правната положба на странците во Стариот Рим, како и во некои други правни системи од минатиот период. Во натамошниот тек на трудот, авторот прави транзиција низ вековите се до современото право, каде што во две посебни поглавја го разработува прашањето на правната положба на странците во меѓународното право во правниот систем на Република Македонија. Со тоа, оваа тема станува мултидисциплинарна, опфаќајќи го римското право, современото приватно право, како и меѓународното приватно право. На крајот, авторот дава заклучни согледувања и препораки за унапредување на правната положба на странците во современото право.

***Приказ на докторската дисертација***

Докторската дисертација со наслов „Улогата на римската во развојот на современата правна реторика" претставува научно истражување од монументално значење, пред сè затоа што разработува една нова, специфична област на римското право. Напишана на околу 330 страници, со користена литература од преку 200 библиографски единици, оваа дисертација отвора ново поглавје во правната наука. Научната и општествена оправданост на темата произлегува од потребата за истражувања од областа на романистиката, во конкретниот случај, од областа на реториката, разработувајќи го прашањето за правната реторика, кое се разгледува, пред сè, во рамките на античкото, особено римското влијание врз развојот на реториката, со посебен осврт на правната реторика, притоа посветувајќи им соодветно внимание и на делиберативната (политичката) реторика и на епидектичката (пригодната) реторика. Исто така, направен е осврт на транзицијата и развојот на реториката низ вековите и развојните стадиуми, а разгледани се и одредени прашања на современата реторика, како и улогата на римската во развојот на современата правна реторика. Воедно, во дисертацијата посебно е разработено прашањето за присуството на правната реторика во македонското позитивно право. Значењето од оваа дисертација се согледува преку можноста за утврдување на потеклото и поимот на реториката, претставувањето на хронолошкиот преглед на историскиот развој на реториката, дефинирањето на реторичките системи во различните временски периоди од развојот на човештвото, како и утврдување на значењето на реториката. Дополнително, со истражувањето се утврдени особеностите на општата и посебната реторика (делиберативна, форензична и епидектичка) со одделен осврт на правната (форензична) реторика. Исто така, дисертацијата придонесува за определување

на карактеристиките на римската правна реторика и нејзиното влијание врз развојот на современата правна реторика. Дисертацијата дава предлози за можностите за нејзиниот натамошен развој. Од практичен аспект, истражувањето дава одговор на дилемата дали реториката во Македонија е на соодветно ниво на развој, рамномерно на демократските и општествено-економските состојби во државата, како и дали таа е комплементарна со развојот на реториката во Европа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во делот на стручно-апликативната дејност, д-р Андоновски бил ангажиран на повеќе позиции во владини тела, како претседател или член. Имено, кандидатот бил: 1. Член на Генералниот колегиум на Влада на Р. Македонија; 2. Член на комисии на Влада (човечки ресурси, комисија за политички систем); 3. Претседавач со Комитетот за стабилизација и асоцијација со ЕУ; 4. Член на Советот за стабилизација и асоцијација со ЕУ; 5. Претседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација со ЕУ; 6. Член на Меѓуресорско тело за човекови права; 7. Потпретседавач на Работниот комитет за европска интеграција; 8. Претседавач на Работниот поткомитет за европска интеграција; 9. Претседавач на Заедничкиот комитет за развојна помош со Р. Словенија; 10. Претседавач на Експертска работна група за европски прашања со Р. Србија; 11. Член на работна група за децентрализација; 12. Член на работна група за изработка на Стратегија ЈИЕ (Југоисточна Европа) 2020; 13. Член на билатерална работна група за соработка со Р. Австрија; 14. Член на Комитет за туризам; 15. Член на Деловен совет на Универзитетот „Американ колеџ“, 16. Член на ЕУИ Програмски комитет на ReSPA (Regional School for Public Administration – EU funded project).

Кандидатот има одржано неколку пленарни предавања на стручни собири, наведени од страница 4 до страница 9 на овој реферат. Исто така, д-р Андоновски учествувал и како претседател на организационен или програмски одбор на стручни собири.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Јован Андоновски покажува голема способност за научно-истражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност и предиспозиции за наставно-образовна дејност што се констатира од објавените научни трудови, дела, учество на научни и научно-стручни конференции, семинари, работилници и учество во научноистражувачки проекти.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Јован Андоновски ги исполнува законските услови за избор во звање насловен доцент и има чест и задоволство на Наставно научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ да го предложи кандидатот д-р Јован Андоновски да биде избран во звање насловен доцент во научната област семејно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Наумовски, член, с.р.**
**Проф. д-р Игор Камбовски, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија | 1 | 10 | | | 10 |
| **3.** | Прегледен труд (во земјата, труд бр. 2, 3 и 7 од Список на објавени научни и стручни трудови и во странство бр. 1, 4 и 5 од истиот список) | 3 | 5 | 3 | 5 | 30 |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир | | | 3 | 6 | 18 |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција | 3 | 2 | | | 6 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат | 4 | 1 | | | 4 |
| **10.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **11.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **13.** | Учесник во научен проект | | | 2 | 3 | 6 |
| **22.** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | 13 | | 9 | | |
| | | | | | | **94 – 24= 70** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | 17 | 2 | | | 34 |
| **12.** | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | 14 | 2 | | | 28 |
| **22.** | Претседател на универзитетски или владини тела | 6 | 10 | | | 60 |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела | 10 | 5 | | | 50 |
| | **ВКУПНО** | 47 | | | | **172** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **272** |